ÉVALUATION DIAGNOSTIQUE DES ÉLÈVES ALLOPHONES

# Compréhension de l'écrit

CYCLE 3

Langue d'origine : macédonien

CANOPÉ

ИМЕ: | ПРЕЗИМЕ:

NIVEAU : FIN DE CM1

## 1

### Прочитај го следниот текст:

*(Семи, младо момче, оди за прв пат во новото училиште.)*

По патот, Семи полека се расонува. Всушност, не спиеше добро.

Имаше кошмар. Сонуваше дека учениците имаат тела на деца и глави на птици. За наставничката беше обратно, таа имаше човечко строго лице и огромно тело на орел.

Се потсетува на своето село, во Лабаси. Неговите другари таму сигурно се враќаат во нивното мало училиште. Се потсетува на ѕидовите од цигли, почвата и бунарот во центарот на дворот. За време на одморите, сите сакаа да седнат под сенката на големото дрво, лево од големиот бунар на влезот на дворот.

За да оди во новото училиште, Семи прво врти десно кога ќе излезе оддома, потоа покрај дрјвата и потоа во првата улица лево. За крај, продолжува право. Училиштето е веднаш пред паркот на истата улица.

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

# ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊАТА

## 2

**Заокружи го точниот одговор. Овој текст е:**

• приказна • рецепт • упатство • песна

MI MF MS TBM

## 3

**Заокружи го точниот одговор. Според тебе, кошмарот на Семи е:**

• вознемирувачки • охрабрувачки • спортски • весел

MI MF MS TBM

## 4

**Заокружи го цртежот од училиштето на Семи во Лабаси и пречкртај ги другите.**






MI MF MS TBM

## 5

**На мапата, означи го патот по кој Семи треба да стигне до училиштето.**
**Точката на тргнување е домот на Семи, означен со крстот.**



| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## Прочитај го следниот текст:

Сепак, ова утро, тој не го препознаваше патот. Дали дрвово беше овде вчера?

Семи си вели дека не се сеќава добро. Некое чудно чувство не го напушта и му се враќаат сликите од кошмарот.

Одеднаш, задува слаб студен ветер и Семи ја става на главата скапата која му ја подари татко му. Тоа веднаш го охрабрува.

Кога стигна пред училиштето, Семи наеднаш застана. Небото се покри со облаци и почнаа да паѓаат неколку ситни капки дожд. Без многу чекање, тој влегува во училиштето.

Ја гледа спортската сала, многу различна од онаа што ја знаеше во Лабаси. Не знае каде да оди. Затоа, го вади распоредот што му го дадоа кога дојде да се запише, но не му помага многу. Ништо не разбира од него!

### РАСПОРЕД: ОДДЕЛЕНИЕ А

| | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 часот | читање | | | | читање |
| 9 часот | историја | математика | математика | спорт | географија |
| 10 часот | географија | науки | современ јазик | спорт | граматика |
| 11 часот | современ јазик | современ јазик | | спорт | историја |
| 13 часот | науки | граматика | | читање | современ јазик |
| 14 часот | музика | уметности | | математика | математика |
| 15 часот | | | | историја | |

NIVEAU : FIN DE CM2

## ЗАОКРУЖИ ГО ТОЧНИОТ ОДГОВОР

### 6

**Која реченица е прашање?**

• Задува студен ветер.

• Дали дрвово беше овде вчера?

• Некое чудно чувство не го напушта.

• Не разбира ништо!

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

### 7

**Какво е времето во текстот ? Внимавај, треба да заокружиш повеќе одговори.**

• студен ветер • топол ветер • облаци

• слаб дожд • се расчистува • силен дожд • сонце

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 8

### Зошто Семи го извади распоредот?

• затоа што сака математика

• затоа што почна да врне дожд

• затоа што бара информации

• затоа што има спорт во четврток

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 9

### Во колку часот најчесто Семи го започнува денот?

• во осум часот • во девет часот • во десет часот

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 10

### Кои денови Семи нема часови по историја?

• понеделник и четврток • вторник и среда

• среда и четврток • понеделник и петок

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

**Прочитај го следниот текст:**

Одеднаш, се појавува бура. Семи едвај избега од големите капки кои сега веќе паѓаат во дворот. Под покриениот двор, децата се нервозни и се туркаат за да се скријат од дождот. Личи на кокошарник и го тоа го потсетува на кошмарот што го имаше сношти.

Се чини дека цел свет го одбегнува. Одеднаш, се приближува едно момче. Му се обраќа на Семи и го прашува нешто, покажувајќи кон неговата капа, но Семи не го разбира. Како би можел да го разбере? Тој не зборува Такони, официјалниот јазик на неговата нова земја. Момчето се откажува и се оддалечува, видливо изнервирано.

Додека со сила се труди да ги задржи солзите, Семи среќава поглед на друго момче, кое носи син џемпер. Пред брзо да се оддалечи, тој му покажува со прст еден знак во дворот на кој има пречкртана капа. Семи разбра дека капите се забранети во оваа училиште.

Најпосле, ѕвончето заѕвони и учителката дојде да ги побара учениците. Нејзиниот поглед е строг, нејзиниот нос е долг и клунест. Таа носи голема црна наметка, која личи на огромни крилја. Неверојатно е: што би се рекло, орелот од сонот на Семи!

Кога влегоа во училницата, учителката веднаш им рече на учениците да го залепат распоредот во тетратката. Разбира што треба да прави гледајќи ги другите ученици, но за него, сè е збунувачко.

Во тој момент, учителката застанува до него. Со едната рака врз неговото рамо, таа го претставува на одделението. На Семи му олесна и се опушти. Не разбира сè што таа зборува. Сепак, се препушта на тонот и топлината на нејзиниот милозвучен глас. Неговите нови соученици сега го гледаат љубопитно и помеѓу нив, момчето со синиот џемпер му се насмевнува. Сончев зрак му го погали образот на Семи. Ова е неговиот прв училишен ден и сè ќе биде добро.

NIVEAU : FIN DE 6E

## ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊАТА

### 11

**Заокружи го точниот одговор. Во пасусот 2, другите деца се:**

• пријатни • непријатни • не знаеме

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

### 12

**Нумерирај ги речениците по редослед на приказната, од најпрвото до најпоследното дејство.**

.................... • Едно момче се приближува.

.................... • Децата се туркаат.

.................... • Семи имаше кошмар.

.................... • Се појавува бура.

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 13

**Дали учителката е орел? Заокружи го точниот одговор.**

• да • не • не знаеме

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 14

**Поврзи ги чувствата на Семи со елементите од текстот.**
**Внимавај, треба да се употребат сите предлози.**

Кога Семи е возн емирен

Кога Семи се опушти

• Децата го гледаат љубопитно
• Децата го избегнуваат
• Се појавува бура
• Тој се опушта
• Тој ги задржува солзите
• Се појавува сонцето

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 15

**Набљудувај ги знаците од последниот пасус.**
**Според тебе, како ќе продолжи приказната? Заокружи го точниот одговор.**

- Семи ќе има големи проблеми.
- Учителката нема да му обрнува внимание на Семи.
- Семи ќе се навикне и ќе го прифатат.
- Момчето во синиот џемпер ќе стане негов непријател.

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

**Rappel des codes de correction :**
**MI** = maîtrise insuffisante **MF** = maîtrise fragile **MS** = maîtrise satisfaisante **TBM** = très bonne maîtrise
**MI et MF :** non acquis **MS et TBM :** on considère que c'est acquis